

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***март 2021 година***
***ЕУЦ-број 60/2021***

## УСВОЕНА РЕЗОЛУЦИЈАТА НА ЕП ЗА ИЗВЕШТАИТЕ НА ЕК ЗА 2019 И 2020 ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Европскиот парламент на пленарна сесија на 25 март 2021 година со 558 гласа „за", 70 „против" и 59 „воздржани", ја усвои Резолуцијата поднесена од европратеникот Илхан Ќучук, известител за Република Северна Македонија.

Со Резолуцијата се поздравува стратешката определба и посветеност на државата за европска интеграција манифестирана преку континуирана имплементација на реформи во пристапниот процес и активнен ангажман за изнаоѓање решенија за билатералните спорови со соседните земји.

Се повикуваат земјите-членки на ЕУ цврсто да останат на ветувањата и да покажат политичка волја со што ќе овозможат Советот да ја одобри преговарачката рамка и да се одржи првата меѓувладина конференција што поскоро.

Со Резолуцијата се повикуваат власта и политичките партии во државата да бидат единствени во обидите за зајакнување на демократијата и процесот на трансформација, да ја продолжат борбата против корупцијата, обновување на владеењето на правото, добрососедските односи и регионалната соработка и да ја подобрат климата за медиумска слобода и граѓанското општество.

Се охрабрува спроведувањето на тековните реформи во безбедносниот и разузнавачкиот сектор обезбедувајќи финансиска, оперативна и функционална независност на АНБ, ОТА и парламентатните комисии за надзор над тајните служби.

Резолуцијата потсетува дека конструктивната улога на опозицијата е неопходна за функционирање на Собранието и за усвојување на клучните закони поврзани со реформите во врска со ЕУ и НАТО. Позитивно се оценува ангажманот на партиите на власт и опозициските партии во Собранието, за одлуките од заеднички национален интерес и се укажува дека посилен дијалог меѓу политичките партии е предуслов за добро управување и законодавна функционалност. Резолуцијата ги повикува сите партии во Собранието да останат конструктивни, да се воздржат од употреба на националистичка и реторика на разгорување и да се вклучат во политички дијалог со добра волја, особено за клучните здравствени, економски, социјални и политички напори насочени за справување со кризата од пандемијата со КОВИД-19. Резолуцијата укажува на важноста на Жан Моне Дијалогот во градење на довербата, зајакнување на демократската култура и парламентарниот капацитет преку олеснување на политичкиот дијалог во Собранието.

Се поздравува повторното усвојување на законодавството за антидискриминација од сите политички партии и транспарентниот процес на назначување членови на Комисијата за заштита од дискриминација.

Резолуцијата ја нотира потребата Собранието да го подобри законодавниот процес со минимизирање на употребата на скратената постапка при донесување на законите, зголемување на транспарентноста, обезбедување навремен и инклузивен пристап до информациите за усвојување на законодавството и за спроведување на соодветни консултации и проценки на влијанието. Потребна е надградба на Деловникот на Собранието со консензус, со цел да се зајакне Собранието, неговиот законодавен надзор и механизам за буџетска контрола.

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Усвоена резолуцијата на ЕП за извештаите на ЕК за 2019 и 2020 за Република Северна Македонија | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| Воведување на принципот „Иста плата за иста работа“ | 3 |
| Платите на жените во ЕУ за 14% пониски од платите на мажите | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Буџетска флексибилност за земјите-членки на ЕУ и во 2022 година | 6 |
| Зголемено учеството на жените во политиката во ЕУ | 6 |
| Еврозоната во двојна рецесија | 7 |
| Парламентарни избори во Холандија | 7 |
| Договор за зголемување на платите во германската индустрија | 8 |
| Заедничкото превземање на долгот на Унијата - пред Уставниот суд на германија прашање | 8 |
| Луѓето во центарот на дигиталната трансформација | 9 |
| Поддршка на туристичката индустрија во Европската Унија | 9 |
| Годишен извештај за безбедност на производите на ЕУ | 10 |
| Влијанието на текстилното производство и отпадот врз животната средина | 10 |
| Вештачката интелиганција во претпријатијата во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / април 2021 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 08-11 март 2021***

Непосредно пред отворањето на пленарната сесија Европскиот парламент го одбележа Меѓународниот ден на жената, фокусирајќи се на зајакнувањето на улогата и лидерството на жените за време на пандемијата со Ковид-19.
Европратениците со 496 гласа ја усвоија новата програма InvestEU, која се очекува да мобилизира 400 милијарди евра инвестиции помеѓу 2021 и 2027 година. Новата програма е дел од Next Generation EU пакетот за закрепнување во висина од 750 милијарди евра и ќе поттикне стратешки, одржливи и иновативни инвестиции и решавање на неуспеси на пазарот, под-оптимални инвестиции и јаз во инвестициите во насочени сектори.
Претседателот на Европскиот парламент Давид Сасоли, Португалскиот премиер Антонио Коста во име на Советот на ЕУ и Претседателката на Комисијата Урсула фон дер Лајен на 10 март годинава во Брисел ја потпишаа заедничката декларација „Иднината на Европа“ со која се отвара патот за почеток на дебати што ќе им овозможи на луѓето од Европа да ги споделат своите идеи за да помогнат во обликувањето на европската иднина. Заедничката декларација го утврдува обемот, структурата, целите и принципите на конференцијата „Иднината на Европа", поставува основа за настани организирани со граѓанското општество и засегнати страни на сите нивоа национални и регионални, парламенти, социјални партнери и академската заедница.
Европратениците со 444 гласа усвоија резолуција за механизам за прилагодување на јаглеродот во границите на ЕУ (ЦБАМ), компатибилен со СТО. Резолуцијата подвлекува дека зголемената амбиција на ЕУ за климатски промени не смее да доведе до „истекување на јаглерод“ бидејќи глобалните климатски напори нема да имаат корист доколку производството на ЕУ само се пресели во земји што не се членки на ЕУ и имаат помалку амбициозни правила за емисии.
Европратениците препорачаа измени во нацртзаконодавството со цел поефикасно да се следат и оданочуваат продажбите што луѓето ги прават преку онлајн платформите. Предлогот усвоен со 568 гласа има за цел да ги обврзе дигиталните платформи да ги пријавуваат приходите заработени од оние што продаваат стоки и услуги на нивните платформи.
Европратениците ја предупредија Комисијата да го активира механизмот за владеење на правото без одлагање.
Земјите-членки на ЕУ мора да инвестираат повеќе во образованието, здравството, домувањето, семејната поддршка и грижата за децата, осигурувајќи се дека овие услуги ќе достигнат до сите деца, се подвлекува во резолуцијата усвоена со 545 гласа.

***Пленарна сесија 24-25 март 2021***

Европскиот парламент со 468 гласа одлучи да се забрза процесот на одобрување на Зелениот сертификат (Rule 163) , со цел истиот да биде прифатен до летото годинава, за да се овозможи слободно движење на граѓаните. Digital Green Certificate, според предлогот на Комисијата, може да вклучува информации за тоа дали одреден патник е вакциниран против Ковид-19, резултат од тестот за Ковид-19 и информации од закрепнувањето од инфекцијата со Ковид-19.
Во резолуцијата усвоена со 529 гласа европратениците потсетија дека непочитувањето на владеењето на правото од страна на земјите-членки може да влијае на интегритетот на буџетот на ЕУ. Тие ја предупредија Европската комисија дека доколку не ги исполни своите обврски од законски обврзувачката регулатива за условеност и не ги преземе сите соодветни мерки за одбрана на финансиските интереси и вредности на ЕУ, Парламентот „ќе смета дека ова претставува непостапување“ и ќе поднесе тужба против Комисијата на суд според член 265 ДФЕУ.
Европскиот парламент целосно ја поддржува европската иднина на Западен Балкан. Европратениците изјавија дека Северна Македонија направила постојан напредок и одржува стабилно темпо во усвојувањето на реформите во ЕУ. Тие ја повикаа ЕУ да одржи прва меѓувладина конференција со Северна Македонија - што ќе го означи официјалниот почеток на пристапните преговори - што е можно поскоро. Извештајот беше усвоен со 558 гласа.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ПРИНЦИПОТ „ИСТА ПЛАТА ЗА ИСТА РАБОТА”

Европската комисија планира да предложи регулатива со која поголемите компании во Европската унија ќе имаат обврска да ја објавуват висината на платите на мажите и жените кои работат на исти работни места. Идејата на ваков предлог е во насока на елиминирање на родовата дискриминација при заработката.

Иако разликата во платите меѓу половите во Унијата е намалена на 14% во корист на мажите за истите работни места како и нивните колешки, Комисијата цели кон отстранување на диспаритетот со воведување на конкретни прописи за објавување на нивоата на плати. Предлогот е заснован врз принципот „иста плата за иста работа“.

“Еднаквоста на платите бара транспарентност. Жените мора да знаат дали нивните работодавци се однесуваат фер кон нив” изјави претседателката на ЕК, Урсула фон дер Лајен при презентацијата на нацрт-регулативата.

Од основањето во 1957 година, ЕУ се обидува да „стави крај“ на родовата пристрасност, но напредокот во оваа област е бавен со децении. Кога станува збор за пензиските права, кои ги рефлектираат условите за работа во изминатите 30 до 40 години, родовиот јаз сè уште е 30%.

На условите и вреднувањето на работата на мажите и жените во Европа долго време им недостасуваше транспарентност, што придонесе за продлабочување на нееднаквоста.

Според предлогот на Комисијата, работодавачите треба да дадат информации за почетните нивоа на плата во огласот за вработување и пред интервјуто за работа на кое нема да ги прашуваат кандидатите за нивните претходни приходи. Вработените ќе можат да ги прашаат работодавците за висината на просечната плата на жените и мажите кои работат иста работа.




Со новиот предлог се воведува обврска за компаниите со повеќе од 250 вработени да објавуваат информации за секоја разлика на платите меѓу мажите и жените.

Ако платите на жените продолжат да се потценуваат, работодавачот според предлогот на Комисијата, ќе мора ретроактивно да ја надомести разликата во однос на остварените приходи кај мажите. Во случај на судска постапка за нееднаквост на плата, товарот за докажување би бил на работодавачите, а не на жените кои ќе тужат.

Европската конфедерација на синдикати ги поздрави напорите на Комисијата, но истовремено оцени дека во предлогот недостасуваат санкции што ќе ги принудат компаниите да преземат порешителни мерки. Исто така синдикатите негодуваат што малите и средни претпријатија, каде што честопати е присутна ваква дискриминација, во предлогот се исклучени од овој вид на обврски.

https://ec.europa.eu

## ПЛАТИТЕ НА ЖЕНИТЕ ВО ЕУ ЗА 14% ПОНИСКИ ОД ПЛАТИТЕ НА МАЖИТЕ

Според податоците од Европската агенција за статистика, бруто заработката на жените во ЕУ за еден час е во просек 14,1% пониска од заработката на мажите.

Нерамнотежата во заработката меѓу жените и мажите е најголема во Естонија (21,7%), Летонија (21,2%), Австрија (19,9%) и Германија (19,2%).

На другиот крај од скалата, разликите се најмали во Луксембург (1,3%), Романија (3,3%), Италија (4,7%) и Белгија (5,8%).

https://ec.europa.eu/eurostat



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Во Собранието на 01 март 2021 година се одржа Првата работна средба на Работната група за учество во Дијалогот „Жан Моне“. Оваа прва средба беше наменета за утврдување на Методологијата на работа во претстојниот период. Претседателот Џафери даде воведно излагање за досегашниот напредок и постигнатото од предходно одржаните „Жан Моне“ дијалози, како и насоки кои би помогнале во ефикасноста на работата. Свои мислења и предлози на работната средба дадоа пратениците Гордана Сиљановска-Давкова, Панчо Минов, Горан Мисовски, Никола Мицевски и Сурија Рашиди. На средбата беа утврдени методологија за работа и почетна динамика.

Во заедничка организација на македонскиот и словенечкиот парламент, на 23 март се одржа виртуелна средба на Групите за пријателство и соработка. Од македонска страна учествуваа пратениците Александар Велјановски претседател на Групата и членовите: Благица Ласовска, Белкиса Зеќири, Жаклина Лазаревска, Бети Рабаџиевска-Наумовска, Љупчо Димовски и Берат Ајдари, а од словенечка страна Ива Димиќ претседател на Групата и пратениците Јоже Ленарт и Томаш Лисец. Главен акцент на дискусијата беше ставен на работата на парламентите во услови на пандемија, работата на комисиите за заштита на човековите права и за словенечките приоритети при преземањето на претседателството со Советот на ЕУ во јули годинава.





Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Австрија, Арбер Адеми и членовите оствари ја видео-средба со претседателката на Групата за соработка меѓу Австрија и Северна Македонија во Националниот совет на Република Австрија, Стефани Криспер и членовите. На средбата присуствуваа и пратениците Ане Лашкоска, Силвана Ангелевска, Мирче Аџиоски, Маја Морачанин, Драгица Ѓавочанова, Марија Ангелова и Халил Снопче. Пратениците разменија мислења и во однос на неотпочнувањето на пристапните преговори и покрај храбрите чекори преземени од наша страна за решавање на отворените прашања и негување на добрососедски односи со Грција и со Бугарија, реформската агенда и препораката на Европската комисија. И покрај разочарувањето продолжуваме да работиме на европската перспектива и се надеваме дека заедно со Бугарија со рационален пристап ќе успееме да го задржиме кредибилитетот на процесот на проширување - беше нагласено на средбата.



Делегација на Собранието составена од претседателот на Комисијата за надворешна политика и претседателот и членови на Комисијата за одбрана и безбедност, на 3 и 4 март 2021г. учествуваа на онлајн Интерпарламентарна конференција организирана од Комисијата на Заедничката надворешна и безбедносна политика и Комисијата на заедничката безбедносна политика на државите членки на Европската Унија, (ЗНБП/ЗБОП). На конференција учествуваа претставници од Европскиот парламент и Европската Комисија како и експерти од областа на надворешната политика и одбраната.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на 5 март 2021 година, одржа Јавна расправа на тема: Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2019-2020. Во дискусијата учествуваа пратеничките Арта Билали-Зендели, Рина Ајдари, Фиснике Бектеши, Маја Морачанин, Снежана Калеска-Ванчева; Сашо Богдановски од АВМУ и Ѓултен Мустафова од МТСП, по што се донесоа заклучоци. Претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Гордана Сиљановска-Давкова, учествуваше на мултилатералниот онлајн состанок на Мрежата на комисии за човекови права и родова еднаквост во Западен Балкан (HUGEN), на тема „Влијание на COVID-19 пандемијата на жените“.Констатациите беа дека пандемијата COVID-19 е опасност за сите и дека ја продлабочува глобалната родова нерамноправност. Пратениците и пратеничките од регионот повикаа сите стратешки документи, а особено оние кои ќе се усвојуваат и применуваат под околности на пандемијата, да имаат јасно препозната родова компонента.

Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции Александар Николоски, на 4 март 2021 година одржа онлајн состанок со европратеникот Андреас Шидер, претседател на Делегацијата во Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Северна Македонија. На средбата соговорниците разговараа за односите меѓу нашата држава и ЕУ, соработката меѓу Европскиот парламент и Собранието, можностите за почеток на пристапните преговори со ЕУ, динамиката на клучните реформи во земјата и актуелната политичка ситуација во државата.



Пратениците Тимчо Муцунски, Арта Биљали Зендели, Марија Петрушевска и Рина Ајдари, на 18.03.2021г. остварија виртуелна средба со европратениците: Дејвид Мекалистер претседател на Комитетот за надворешни работи, Илхан Ќучук, известител за Република Северна Македонија, Андреас Шидер копретседавач на МПК-РСМ и ЕУ, Тања Фајон задолжена за земјите од Западен Балкан и Владимир Билчик. Европратениците апелираа на поголема соработка позиција - опозиција, како основа за работа и градење консензус за значајни прашања во Собранието, на напредок во борбата против организираниот криминал и корупцијата, фокусирање кон евроатлантската иднина на земјата, рацинално искористување на финансиските средства во рамките на ИПА III, како и на активен ангажман за надминување на билатералните спорови.Оценија дека бугарското вето е апсолутно непотребно во овој момент и информираа дека Европскиот парламент вложува максимални напори за надминување на оваа блокада. Исто така, оценија дека земјата е целосно подготвена да ги отпочне пристапните преговори. Пратениците од Собранието истакнаа дека е потребен национален консензус за донесувањето на европското законодавство и за стратешките одлуки на државата, дека се неопходни опипливи резултати на поле на независност на судството, деполитизација на јавната администрација и за одржлива политичка култура во Собранието.



Пратеничката Маја Морачанин на 9 март 2021 година оствари средба со Жан-Мари Камбасерес, претседател на Секцијата за европски и меѓународни прашања при Економско-социјалниот совет и за животна средина на Франција. Морачанин го информира гостинот за Економско-социјален совет и ги истакна нејзините залагања во советот да бидат вклучени невладиниот сектор, академската сфера, граѓански здруженија, пратеници и теми како животната средина и климатските промени. Соговорниците покажа интерес за поинтензивна соработка за што подобро функционирање на Економско- социјалниот совет и решавање на проблемите од сферата на животната средина.

## БУЏЕТСКА ФЛЕКСИБИЛНОСТ ЗА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ И ВО 2022 ГОДИНА




Европската комисија на 2 март годинава предложи да се продолжат правилата за буџетска флексибилност и во 2022 година. Економската криза предизвикана од Ковид-19 пандемијата сè уште има потреба за буџетска поддршка на членките на Европската Унија. Во ЕУ, правилата ги обврзуваат земјите членки да го задржат јавниот дефицит под 3%, а долгот под 60% од бруто домашниот производ, но поради економската криза Европската комисија минатата година предложи олеснување на правилата.
Комисијата оцени дека флексибилноста и помошта за земјите членки треба да продолжи уште една година за да се избегне поголема штета. Земјите членки се договорија и за посебна помош во облик на заеми во име на ЕУ кога се одлучуваше за повеќегодишната финансиска рамка на ЕУ - седумгодишниот буџет.
Според Комисијата смета дека не треба враќање на старо пред 2023 година, но крајната одлука ја носат земјите членки на ЕУ, што значи дека повторно ќе се отвори буџетска дебата помеѓу владите на земјите во ЕУ.

https://ec.europa.eu

## ЗГОЛЕМЕНО УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА ВО ЕУ

Жените имале 33% од местата во националните парламенти во ЕУ во 2020 година. Застапеноста на жените постепено се зголемуваше уште од 2004 година кога жените беа со 1/5 или 21% застапеност во националните парламенти. Во 2020 година, најголема застапеност е забележана во Шведскиот парламент каде пратеничките сочинувале скоро 50% од парламентарниот состав, пред Финска (46%), Белгија (43%) и Шпанија (42%). Најниска застапеност на жените е забележана во парламентите на Унгарија и Малта, со 13%.
Во изминатите години зголемено е и учеството на жените во владите во ЕУ - од 20% во 2004 година, на 33% во 2020 година. Во Финска, Австрија, Франција и Шведска, повеќе од половината од членовите на владата се жени. Исто така зголемен е и бројот на жени - претседатели на држави или влади во ЕУ. Денес на 4 позиции од 27 шефови на влади на ЕУ се жени, додека на овие позиции жените ги немаше во 2004 година.



## ЕВРОЗОНАТА ВО ДВОЈНА РЕЦЕСИЈА



Економијата во еврозоната извесно влегува во двојна рецесија со оглед на продолжувањето на мерките за затворање кои во голема мерка се одразуваат на услужната индустрија. Кампањите за вакцинација го зголемија деловниот оптимизам на највисоко ниво во последните три години, покажа истражувањето на аналитичката фирма „IHS Markit", објавено на 3 март годинава.
Индексот на менаџерите за набавки на Markit (PMI) за февруари 2021 година, кој се смета како добар показател за економското заздравување, се зголеми на 48,8 поени од 47,8 поени во јануари, но сепак останува под границата од 50 поени. Зголемувањето на вредноста на индексот најмногу се должи на рекордниот раст на производството, бидејќи фабриките во 19 земји кои го користат еврото, генерално останаа отворени по обновените рестриктивни мерки насочени кон спречување на ширењето на коронавирусот. Од друга страна, угостителските објекти и местата за забава мораа да останат затворени, додека властите им препорачуваа на граѓаните да останат дома.
Економијата во еврозоната забележа пад во првите два квартали од 2020 година, а голем број економисти предвидоа во минатомесечното истражување на Ројтерс, дека ќе се повторат двата последователни квартални падови – последниот во 2020 и првиот квартал во 2021 година.
Како сериозни закани се наведуваат бавниот процес на вакцинација во ЕУ, загриженоста од новите мутации на коронавирусот поради кои се продолжуваат мерките, придушената економска активност и зголемувањето на невработеноста. Сепак, бизнисмените очекуваат негативните ризици да бидат неутрализирани, при што индексот на идното производство кој го мери нивниот оптимизам, се зголеми на 67 поени од претходните 64,2 поени.

https://www.reuters.com

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ХОЛАНДИЈА




Во Холандија на 15, 16 и 17 март годинава се одржаа тридневни парламентарни избори, во период кога државата се соочува со трет бран на епидемијата со Ковид-19. Поради мерките за ограничување на 15 и 16 март гласаа припадниците на поранливите групи, а на 17 март сите останати граѓани.
Конзервативната партија на холандскиот премиер Марк Рут освои најмногу гласови на парламентарните избори. На изборите учествуваа рекордни 37 партии, а според резултатите, 17 влегоа во Парламентот.
Претходно, Владата предводена од премиерот Марк Рут колективно поднесе оставка поради скандалот - извештајот за лошо управување со субвенциите за згрижување на деца.
По изборите се зголемија шансите Рут, кој е премиер од октомври 2010 година, да ја формира четвртата владејачка коалиција и да стане премиер со најдолг стаж во Холандија.
Конзервативната народна партија за слобода и демократија на досегашниот премиер Рут, освоила 35 места од 150 пратенички места во Долниот дом, две повеќе отколку на последните избори.
Либералната партија на Демократи 66 (Д66) се најде на второто место со 24 пратеници, што е зголемување за пет места споредено со 2017 година. Екстремно десничарската, анти-имигрантска партија за слобода на Герт Вилдерс, изгуби три места и во новиот состав ќе има 17 пратеници. Другата крајно десничарска партија Форумот за демократија, значително зајакна – ќе има осум наместо двајца пратеници.

https://www.euronews.com

## ДОГОВОР ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ ВО ГЕРМАНСКАТА ИНДУСТРИЈА



Синдикатите на германската електро и металуршка индустрија и работодавачите на 30 март 2021 година постигнаа договор за зголемување на платите по повеќенеделни преговори и повремени штрајкови. Компромисот постигнат по повеќе часовните преговори, предвидува ковид бонус од 500 евра за оваа година, како и годишни бонуси во 2022 година и во 2023 година, од 18,4% и 27,6% од месечната заработка. Плаќањето што би било еквивалентно на зголемување на платите за 2,3%, може да се претвори во намалување на работното време, но без намалување на приходите.

Договорот што работодавачите и синдикатот ИГ Метал во Северна Рајна-Вестфалија го потпишаа се однесува на речиси 700.000 вработени, а треба да го преземат и други региони. Преговорите беа придружени со повремени штрајкови, особено во автомобилската индустрија.

Оваа година ИГ Метал побара зголемување на платата за 4% за 3,8 милиони работници во секторот. Минатата година, БДП на Германија се намали за 4,9%, со што заврши една деценија од растот и беше најголемиот пад од финансиската криза во 2009 година. Сепак, германската економија - најголема во Европа - се снајде подобро од другите 19 земји во еврозоната. Властите не наметнаа никакво исклучување на индустријата за време на кризата.

https://www.usnews.com

## ЗАЕДНИЧКОТО ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ДОЛГОТ НА УНИЈАТА - ПРЕД УСТАВНИОТ СУД НА ГЕРМАНИЈА



Планот на Европската унија за економско закрепнување од последиците од корона-кризата наидува на пречка бидејќи пред Уставниот суд на Германија беше покренато прашање за уставноста на заедничкото преземање на долгот на Унијата. Земјите-членки на ЕУ во јули минатата година се согласија да издаваат заеднички обврзници на меѓународните финансиски пазари преку Европската комисија, со цел да обезбедат 750 милијарди евра за ублажување на негативните ефекти од пандемијата на коронавирусот врз националните економии. Иако земјите на ЕУ заеднички донесуваат политички одлуки, секоја земја има целосна контрола над своите фискални аранжмани. Прифаќањето на заедничкиот долг се покажа контроверзно за повеќето фискално конзервативни земји на Унијата, кои стравуваат дека ќе се предизвика поголем товар на националните даночни обврзници.

Невладината организација во Германија „Алијанса на волјата на граѓаните” поднесе жалба до Уставниот суд каде се наведува дека европските договори не дозволуваат заедничко задолжување. Како резултат на тоа, германскиот суд го запре законот со кој ќе се отвори патот на Европската комисија да влезе на пазарот на долгови и да собере средства за Фондот за наплата. Германските судии изјавија дека морале да донесат превентивна одлука за привремена забрана на законот. „Свесни сме дека Фондот за наплата е политички проект за кој веќе е одлучено. Сепак, имајќи ги предвид значителните ризици, федералната влада треба да осигури дека позајмувањето на ниво на ЕУ и заобиколување на фискалните правила не стане трајно решение”, се вели во соопштението на Уставниот суд. Одлуката на германскиот суд беше донесена и покрај фактот дека минатата недела 478 од 645 членови на германскиот Парламент дадоа „зелено светло” за ратификација на заедничкиот закон за долгови на ЕУ. Европската комисија не може да бара средства на финансиските пазари пред сите земји-членки да го усвојат релевантното законодавство.

Досега, вкупно 22 од 27 земји-членки на ЕУ го усвоија потребниот закон или треба да го завршат процесот следниот месец.

https://www.euronews.com/

## ЛУЃЕТО ВО ЦЕНТАРОТ НА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА



Во последниве години, промените на пазарот на трудот и усогласувањето на професионалниот и личниот живот и правото на исклучување, беа дел од темите на Конференцијата на високо ниво за иднината на работата, што се одржа на 9 март 2021 година во културниот центар Белем во Лисабон.
Конференцијата, организирана во рамки на Португалското претседателство со Советот на ЕУ, ја опфати темата „Далечинско работење: предизвици, ризици и можности“. Генералниот директор на Меѓународната организација на трудот (МОТ), Гај Рајдер ја поздрави иницијативата на ЕК, како и целите поставени за 2030, охрабрувајќи ги партнерите да изнајдат мерки што ќе гарантираат фер услови за работа од дома или теле-работа и дека сите работници можат и имаат право да се исклучат од работа. Рајдер се осврна и на Практичниот водич за теле-работа за време на пандемијата COVID-19 и пошироко “. Во последните десет години, бројот на дигитални платформи се зголемил за пет пати во целиот свет, така што растот не се случил само за време на пандемијата.
Европскиот комесар за вработување и социјални права Николас Шмит кој учествуваше виртуелно на конференцијата, изнесе дека вакцинацијата и враќањето во нормалниот живот нема да стават крај на телекомуникациската работа и дека методите на работа ќе се променат во иднина. Комесарот Шмит се осврна на важноста новите начини на работа да не станат синоним за несигурност во работата, бидејќи треба да се обезбедат соодветни услови за работа, без оглед на организациските модели.

https://www.2021portugal.eu

## ПОДДРШКА НА ТУРИСТИЧКАТА ИНДУСТИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА




Туризмот е еден од најпогодените сектори од пандемијата на Ковид-19. Во туризмот работат 22,6 милиони луѓе, секторот придонесува за околу 9,5% од БДП на Европската унија, со околу 3 милиони претпријатија од кои 90% како мали и средни претпријатија.
Европа е прва туристичка дестинација во светот, а ситуацијата е особено тешка за европските земји кои се повеќе зависни од туризмот, како што се Хрватска, Шпанија, Италија, Франција и Грција. Мерките и ограничувањата за патувања поврзани со пандемијата многу се одразија на туристичкиот сектор, кој е важна алка за економијата на ЕУ. Очекувањата беа дека приходите ќе опаднат за 50% за хотелите и ресторантите, 70% за тур-операторите и туристичките агенции и 90% за крстарењата и авиокомпаниите. Европскиот парламент на 19 јуни минатата година, усвои Резолуција за транспорт и туризам со која повика на натамошни мерки за поддршка на малите и средните претпријатија погодени од кризата и за дел од буџетот наменет за помош на секторот туризам. Дел од европратениците дебатираа дека на кризата треба да се гледа како можност за модернизирање на туризмот во ЕУ за да се направи еколошки и социјално одговорен.
Бизнисите и работниците во туристичкиот сектор веќе имаа корист од мерките преземени на ниво на ЕУ како одговор на кризата предизвикана од Ковид-19, вклучително за поддршка на програми за ликвидност, фискално олеснување и олеснување на правилата за државна помош. Во рамки на Европскиот инвестициски фонд ставени се на располагање 8 милијарди евра за финансирање на мали прептријатија погодени од кризата.

https://www.europarl.europa.eu

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ЕУ




Европската комисија на 2 март годинава презентираше Годишен извештај за безбедност на производите на пазарот во ЕУ. Според извештајот, играчките за деца најчесто биле пријавувани до властите како ризични или опасни производи.
Комисијата секоја година ги информира граѓаните за производи на пазарот (вон прехранбените) кои биле пријавени како опасни, во земјите членки на ЕУ. Оваа година забележан е значаен раст на пријавите за производи поврзани со Ковид-19, заштитни маски и гелови за дезинфекција кои содржат токсични супстанци.
Најчесто пријавувани производи се играчки за деца со 27% од вкупниот број пријавени производи во ЕУ, Норвешка, Лихтенштајн, Исланд и Обединетото Кралство. Исто така значаен е процентот на пријави кај моторните возила и електрична опрема. Според анализата, пријавените производи во 25% случаи се однесуваат на опасност од физичка повреда, потоа на хемиските компоненти, а на трето место е опасноста од задушување за децата. „Со заштитните алатки како Safety Gate и понатаму ги обезбедуваме правата на потрошувачите” изјави Европскиот комесар за правда Дидие Рејндерс поздравувајќи го заедничкиот систем на ЕУ за пријава на опасни производи.

https://ec.europa.eu/safety-gate/#/screen/home

## ВЛИЈАНИЕТО НА ТЕКСТИЛНОТО ПРОИЗВОДСТВО И ОТПАДОТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Количината на облека купена во ЕУ од 1996 година до денес се зголемила за 40%. Европските граѓани годишно трошат 26 килограми облека и фрлаат 11 килограми текстил од кој 87% завршува како отпад. Европската комисија во 2020г. усвои нов Акциски план за циркуларна економија кој треба да биде патоказ за климатски неутрална и конкурента економија. Текстилниот сектор е идентификуван како приоритетен во Европскиот зелен договор, Акцискиот план за циркуларна економија и Индустриската стратегија. Комисијата утврдува 7 клучни области за постигнување на циркуларна економија: пластика; текстил; е-отпад; храна, вода и хранливи материи; пакување; батерии и возила; згради и градежништво.
Комисијата сугерира ЕУ да се позанимава со структурните слабости во собирањето на текстилниот отпад, сортирањето и рециклирањето кај земјите членки. Целта на Комисијата е да воспостави рамка која ќе креира услови со цел да се охрабри конкурентноста, одржливоста и отпорноста на европскиот текстилен сектор.
Новата стратегија за одржлив текстил за која се започнати консултации, треба да поддржува одржливи инвестиции во производствениот процес, дизајнот, новите материјали и новите технологии што ќе помогне во борбата против микропластиката.
Дури 60% од облеката во ЕУ не се произведува во земјите-членки. На глобално ниво, помалку од 1% од произведениот текстил се рециклира во нов текстил.

https://www.europarl.europa.eu









## ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ЕУ

Вештачката интелигенција (AI) е област од стратешко значење и клучен двигател на економскиот развој. Преку неа, може да се обезбедат решенија за многу од предизвиците, во лекување на болести, минимизирање на влијанието на земјоделството врз животната средина и др. Во 2020 година 7% од претпријатијата во ЕУ со најмалку 10 вработени, користеле апликации за вештачка интелигенција. 2% од претпријатијата користеле машинско учење за внатрешно анализирање на големи податоци, 1% анализирале големи податоци со обработка и помош на природен јазик, креирање природен јазик или со препознавање на говор. Услугата за разговор (chat) каде chatbot или виртуелниот агент генерирал одговор до клиентите на природен јазик, се користела само 2% кај претпријатијата. Исто така, 2% биле и роботските услуги кои се карактеризираат со одреден степен на автономија, на пр. при чистење на отровни материи, сортирање на предмети во магацини, помагање на клиети при купување, на уплатни места и др. Меѓу земјите членки на ЕУ, во 2020 година кај Ирска е забележан најголем удел на претпријатија кои користеле било која од 4 разгледани апликации за вештачка интелигенција, односно 23%. Потоа следат Малта (19%), Финска (12%) и Данска (11%). Од друга страна, помалку од 10% од сите претпријатија кои користеле апликации за ВИ, се во сите други земји од ЕУ. Најниски стапки 2-3% забележани се кај претпријатијата во Словенија, Полска, Унгарија и Латвија.

https://ec.europa.eu/eurostat




*ЕУ КАЛЕНДАР / април 2021*

*1.Пленарна сесија на Европскиот парламент, 26-29/04/2021, Стразбург.*
*2.Конференција на високо ниво за првата декада од Истамбулската Конвенција, 06/04/2021, во рамки на Португалското претседателство со ЕУ;*
*3 Конференција за Иднината на Европа - презентација на повеќејазична дигитална платформа за граѓаните 19/04/2021.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




